Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневни настани 18.12.2023

На 17.12.2023 во 16.10 часот на подрачје на Чаир, во заедничка и координирана акција, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога и оружје и Единиците за интервентна полиција и за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје ги лишиле од слобода М.Г.(40) и Г.Ѓ.(32), двајцата од Скопје. При преглед кај нив, кај М.Г. била пронајдена и одземена марихуана. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во домот на Г.Ѓ., при што биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и предмет за кој постои сомнение дека потекнува од кривично дело „кражба". Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветни пријави.

На 17.12.2023 во 07.30 часот во село Богомила, велешко, полициски службенци од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес го лишиле од слобода Б.Ј.(20) од село Богомила. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени ловечка пушка, две воздушни пушки и неколку патрони за ловечка пушка, кои ги поседувал без дозвола. Известен бил јавен обвинител, а лицето било приведено во полициска станица. По документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.12.2023 во 21.45 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.А.(25) од Куманово. Тој се сомничи дека на улица „Средорек" во Куманово, од приватен имот, одзел предмети. С.А. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 17.12.2023 во 09.50 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", при извршена пасошка контрола и проверка на Х.К.(18) од Косово било констатирано дека престојувал повеќе од предвидениот период, по што бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (17.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 210 возачи. Од нив 22 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а шест возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 72 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 138 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (17.12.2023) во периодот од 10.00 до 15.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола за санкционирање на возила кои непрописно престигнуваат на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 111 возачи. Од нив, 40 на територијата на СВР Тетово, 21 на територија на СВР Битола, 19 на територија на СВР Охрид... За време на контролата санкционирани се и 222 други видови на прекршоци.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на викендот (15/16/17.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 130 возачи, меѓу кои 48 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 10 мерки за возење без возачка дозвола, 37 санкции за непрописно престигнување...

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (17.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 102 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 33 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за користење мобилен телефон при возење...

На 17.12.2023 во 11.50 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Ј.(29) од Скопје пријавил дека на кеј на река Вардар бил каснат од куче скитник.

На 17.12.2023 во 09.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Христо Татарчев" во Скопје, патничко возило „рено" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.П.(39) од Скопје, удрило во пешакот А.Р.(34) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 17.12.20232 во 16.00 часот во Полициската станица Карпош, Б.Ш.(19) од Скопје пријавила дека на ул. „Женевска" била касната од куче скитник.

На 17.12.2023 во 17.55 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека во с.Чегране, гостиварско, Л.Е.(31) од с.Чегране, управувајќи четирицикл, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Л.Е., констатирани во Медицинскиот центар Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 17.12.2023 во 17.15 часот во СВР Тетово, 42-годишниот Г.С. од гостиварско Дебреше пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.Н.(35) од с.Кондово, општина Сарај, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „затајување" по член 239 став 1 во врска со став 5 и „фалсификување или уништување деловни книги" по член 280 став 1 и став 2 од Кривичниот законик. Пријавениот, вработен во правно лице, кое имало склучено договор за услуги со други правни лица за обезбедување, транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки, во периодот од 27.07.2022 до 09.09.2022, во точно 15 наврати, од продажните места на клиентите примил 15 пратки со парични средства во вкупна вредност од 2.364.621 денари, кои лажно, со свој потпис и печат на правното лице, ги евидентирал дека ги предал во трезорот на банката, но ги задржал за себе, по што книгата за евиденција на примање и предавање на пратки, со внесените невистинити податоци ја доставил кај својот работодавач како доказ дека примените вредносни пратки наводно ги доставил до соодветната банка. На тој начин тој го оштетил правното лице за паричен износ од вкупно 2.364.621 денари, а кои противправно ги присвоил за себе.

Денеска (18.12.2023) во 11.10 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Оперативниот тим потраги при СВР Скопје го лишија од слобода Ф.С.(41) од Штип, со живеалиште во Скопје. Тој бил баран по централна потерница, врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје, за издржување казна затвор од три години и шест месеци за сторено кривично дело по член 186 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Лицето е предадено во Полициска станица Гази Баба, по што ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

По преземени мерки и активности и обезбедени докази, на 17.12.2023 во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.О.(35) и 27-годишната М.Ј., двајцата од Скопје, поради сомнение дека сториле три кривични дела. Имено, на 18.11.2023 тие извршиле „тешка кражба" на дрзок начин, при што од жена одзеле чанта, на 04.10.2023 извршиле „кражба", при што од возило одзеле лап-топ компјутер и на 13.09.2023 извршиле „кражба", при што од женско лице одзеле мобилен телефон. Со двајцата биле извршени службени разговори, а по целосно документирање на случаите, во координација со јавен обвинител, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.12.2023 од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за непрописно престигнување и обиколување. При контролата, вкупно се откриени и санкционирани 40 возила, односно возачи (ТЕ-15 и ГВ-25), од кои 37 престигнувале на забранети места (ТЕ-15 и ГВ-22). На сите им се изготвени соодветни поднесоци со парични глоби од 45 до 250 евра во денарска противвредност. При контролата санкционирани се и 42 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-39 и ГВ-3). Најголемиот број од нив (ТЕ-31) се однесувале на неприлагодена брзина според условите на патот, односно на пребрзо возење надвор од населено место, претежно на автопатот Гостивар-Тетово-Скопје.

На 17.12.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци од кои 19 надвор од населено место и 5 во населено место. Санкционирани биле и 25 други видови на прекршоци, од кои 12 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас, 4 за користење мобилен телефон, 1 за некористење заштитна кацига и 1 за непрописно паркирање.

На 17.12.2023 од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 19 возачи на моторни возила, кои извршиле престигнување на непрегледни и места каде со сообраќаен знак тоа е забрането (Охрид-08, Струга- 08, Кичево- 01, Дебар-02).

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против К.П.(43) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 14.03.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и дигитална вага со остатоци од хероин, додека при преглед кај него биле пронајдени и одземени пари во различни апоени и валути.

Денеска (18.12.2023) во 02.53 часот во СВР Скопје било пријавено дека на пат од с.Ржаничино кон с.Коњари, скопско, настанал пожар во товарно возило „застава" со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.М.(29) од с.Ржаничино. Повредени лица нема, а екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот. Увид на местото бил извршен од екипа СВР Скопје.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против З.Л.(58) од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи". На 25.09.2023 било утврдено во својот дом во с.Милетково držел ловечка пушка со калибар 16 мм и 11 патрони со калибар 16 мм.

На 18.12.2023 во 10.00 часот во Полициската станица Штип. Ј.Д.(60) од Штип пријавил дека на ул. „Маршал Тито" во Штип бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.Џ.(48) од с.Бузалково, велешко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давање поткуп''. На 27.11.2023 на Граничен премин Долно Блаце, на излез од државата, пријавениот на полициски службеник му понудил поткуп од 50 евра за да пушти лице од с.Бузалково за кое има „Судска забрана за излез од РСМ".



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет